РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-937
10.05.2017 година
СКОПЈЕ

Архивски знак: ___
Рок на чување: ___
___ 20___ година

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА

| Примено | 14.08.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 - 1088/1 | | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

Факултет за информатички и комуникациски

| Примено | 14.08.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 - 398/1 | | | — |

## РЕШЕНИЕ

### за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и компјутерска техника на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и компјутерска техника на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

3. По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр.17-510/2 од 23.03.2017 година за акредитација на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и компјутерска техника на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање бр. 08-609/2 од 18.04.2017 година, до Министерството за образование и наука, под наш број УП 1 бр. 14-937 од 20.04.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и компјутерска техника на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-937 од 02.05.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.05.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-937 од 05.05.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и компјутерска техника на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Доставено до:
- Примач
- Архива

изготвил: Билјана Зафировска